

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

*Звонко Белдедовски*
*Трајче Нацев*

# *БАРГАЛА, ИСТРАЖУВАЊЕ 1988 ГОДИНА СО ПРЕГЛЕД НА ПОЗНАЧАЈНИТЕ НАОДИ ОД ДОСЕГАШНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА СРЕДНОВЕКОВНАТА НЕКРОПОЛА*

Во рамките на младинските истаржувачки активности за 1988 г. во организација на Заводот за заштита на спомениците на културата и Народен музеј Штип и РК на ССММ, ОК на ССММ во месец јули изведено е археолошко истражување на средновековната некропола крај црквата "Св. Ѓорѓи" на археолошкиот локалитет Баргала[1].

Целта на истражувачката акција "Баргала 88" беше, да се изврши откривање, прибирање, средување и документирање на археолошкиот материјал од раниот словенски период неопходен за музејската поставкаа на Заводот и Народен музеј Штип.

При ископувањето беше применета современа археолошка метода на истражување: поставување на квадратна мрежа, изведување на фото и техничка документација на објектите и материјалот, нивно инвентарирање и слично.

Археолошкиот локалитет "Градот" - Баргала се наоѓа во месноста Горен Козјак, на околу 18 км. источно од Штип, на една блага коса, крај Козјачка Река, во подножјето на планината Плачковица.

Со досегашните археолошки истражувања започнати во 1966 г., кои со повремени прекини се изведуваат до денес, лоциран е доцноантичкиот-ранохристијански град Баргала, еден од најзначајните ранохристијански центри во Источна Македонија[2].

Откриен е поголемиот дел од епископиумот на градот: голема трикорабна епископска базилика, мала базилика, цистерна, епископска резиденција со придружни објекти и уште еден сакрален објект надвор од градските ѕидини[3].

Градот егзистирал во IV-VI век и според досегашните сознанија, разурнат е со наездата на Словените и Аварите кон крајот на VI и почетокот на VII век.

Разурнатиот град и неговата околина го населуваат Словните. Показател за тоа е црквата "Св. Ѓорѓи" и средновековната некропола околу неа. Црквата е лоцирана надвор од градскиот бедем, до неговиот југозападен агол. Според планот, таа претставува впишан крст во квадратна основа со трапезоидна апсида. Од јужната страна доѕидан е параклис[4].

Иницијативата за истражување на оваа значајна словенска некропола е поттикната од досегашните спротивни мислења за времето во кое е изградена црквата. Одделни истражувачи ја датираат во IX-X век и ја поврзуваат со Брегалничката епископија и градот Брегалница, кои во раниот словенски период биле центар на словенската пис-



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

ценост[5]. Други се на мислење дека црквата подигната многу подоцна во втората половина на XII век[6].

На оваа некропола изведени се истражување во неколку кампањи, но резултатите не се во целост објавени[7].

Истражувањата во 1988 година се изведени на просторот јужно и југозападно од параклисот на црквата, зафаќајќи ги квадратите Е5 и Е6, како и делови од квадратите С5, С6 и Е4 со вкупна истражна површина од 96м[2] (Пл. 1).

Истражени се вкупно 25 гробови, од нив 15 се во дерутирана состојба. И покрај големата дерутираност, се констатира дека во прашање е некропола на редови со три нивоа на погребување. Во првото, најниско ниво, се констатирани гробови од големи камени блокови, од раниот словенски период во секундарна употреба. Дел од камените плочи од постарите гробови се разнесени и повторно употребени за нови гробови. Во некои од добро зачуваните гробови дополнително се уфрлувани остеолошки остатоци од еден или повеќе постари скелети. Гробните конструкции се изведени од вертикално поставени камени плочи од сиво кафеав шкрилец, со покривни плочи. Во неколку случаи откриени се купови од коски, дополнително собрани и поставени врз покривните плочи. При поставувањето на конструкцијата за гроб бр. 10 уништени се неколку гробови, остеолошкиот материјал е собран на куп и е поставен врз покривните плочи (цртеж 1 и 2). Меѓу овие коски е откриен и дел од најстариот материјал.



*Сл. 1 Црква Св. Ѓорѓи*

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Врз основа на гробните кон-струкции и откриениот движен археолошки материјал во нив (бронзени прстени, фрагменти од стаклени и метални белегзии, керамика, монети и сл.) може да се заклучи дека некрополата била долго време во употреба и тоа од IX-X до XVII-XVIII век. Некои елементи веќе даваат индиции и за најраното присуство на Словените на овој локалитет, а тоа е период на доселување и стабилизација на словенските племиња на оваа територија кон крајот на VI и во VII - VIII век.

Како наод од раниот VII век, во тој поглед, особено внимание заслужува претставата на машки портрет, најден како гробен инвентар од некрополата во предходните истаржувања[8]. Овој наод е евидентиран и веќе е познат во археолошката наука како бронзена матрица за втиснување (пресмодел)[9]. Димензии: Пречник 1,6 височина со куката 2,9 см.(Т.I, 1).

Поради нејзиното уникатно значење за проучување на најраното минато на Словените, а тоа е времето на нивното доселување и стабилизирање во Брегалничкиот регион, овој наод заслужува посебно внимание.

Предметот е со кружна форма и шематизирана претстава на машки портрет со нагласени веѓи и мустаки. На реверсот на матрицата дополнително е залемена бакарна лента, која во горниот дел завршува со кука за прикачување а, во долниот, со алка за привезок.

Првобитната намена на овој предмет е позната. Во прашање е аваро-словенска бронзена матрица за втиснување-пресување во тенок сребрен или златен лим за производство на накит или украсни делови на коњски орми. Најбројниот наод од матрици за пресување во тенок лим е откриен во Бискупијата Плисков кај Книн[10]. Матриците од Бискупија не претставуваат гробен наод и истите се регистрирани како златарско дело. Меѓу матриците од Бискупија се наоѓа еден примерок на кој е претставен машки портрет, кој е скоро идентичен со портретот на нашата матрица[11].

Со залемување на бакарна лента со кука и алка на аверсот на матрицата се менува и функцијата на предметот. Во второстепената намена, матрицата добива функција на амулет, кој како таков заедно со покојникот, се нашол во некрополата.

Во поглед на етничката припадност на овој тип наоди кај нас и пошироко на Балканот, каде што истите се сретнуваат, претежно се идентификуваат како одлика на аварската етничка припадност. Во врска со нашиот наод најреално е да го изнесеме мислењето дека тој веројатно претставува аварска изработка и дека како културно добро на Аварите, заедно со повеќебројните Словени е пренесен во нивната нова словенска татковина.




*Пл.1 Некропола, истражување 1988*

*Pl.1 Nekropola, Investigeiting, 1988*



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

Дека овој многу значаен наод од VII век не е единствен и не е дојден случајно на овие наши простори, докажува новоконстатираниот идентичен машки портрет со иста функција[12]. (Т. I, 2).

Како карактерситичен наод од овој најран словенски период претставуваат и извесен број фрагменти од керамички садови рачно моделирани[13] (Т. I, 3).

Оваа, засега малубројна и недоволно проучена керамика на овие наши простори, веќе е констатирана на локалитетите Варница-Крушка кај селото Стар Караорман[14] и на ул. "Казанџиско маало" во Штип[15].

Времето од IX до XI-XII век го одбележуваат поголем број на наоди од кои како карактеристични ги наведуваме следните:

Два масивни бронзени прстени, од кои, едниот е со глава на четиристрана зарабена пирамида која поминува во зарабен конус. На рамениците од алката под главата е претставено по едно ребресто испупчение украсено со попречни паралелни врезови. Димензии: Висина 2,5 см., пречник на алката 2 см. (Т. II, 1). Најден во гроб бр. 10.

Идентични и слични примероци се констатирани на поголем број некрополи во Македонија и Србија, како на пример: Каваклија кај Штип[16], Крушарски Рид кај с. Оризари-Кочанско[17], Демир Капија[18], Матичано кај Приштина, Гласија-Ниш, Прахово и др. За временската определеност, распространетоста и типологијата на овие прстени, види кај В. Јовановиќ[19].

Другиот прстен е со зарамнета масивна глава украсена со врежани вегетабилни орнаменти од двојна лозица[20]. Димензии: висина 2,5 см., во пречник 1,9 см.(Т.II, 2). Најден во гроб бр.10. Од гроб бр.10 потекнува и обетката со конусна форма изведена со преплет на снопови од сребрена жица и сребрени гранули во долниот дел на обетката.[21] Димензии: 1,3 см.(Т. II, 3).

Во вој прилог ќе го одбележиме и гробниот инвентар регистриран како една целина (гердан од разнобојни стаклени перли, четири бронзени апликации со кружна форма, масивна бронзена аплика, бронзен медалјон, бронзен прапорец и бронзен привезок со јајцевидна издолжена форма) кој со своите карактеристики го обележува времето од IX-XII век[22].

Хронолошки, на овој период му припаѓаат и поголем број фрагменти од керамички садови откриени при последните истражувања на некрополата[23].

Интересна и, засега, како единствена појава на средновековните некрополи во Македонија, претставува наодот од една наушница од таканаречениот нароскан тип наушници, најдена во гроб бр. 81. Наушницата е со три гранулирани коленца и низа на гранули. Изработена е од бронзена алка со кружен пресек и во голема мера е оштетена, особено гранулите. Димензии: пречник на алката 3 - 4,3 см.(Т.II,4). Најдена е во пределот на карличната коска на покојникот. Гробот бил во секундарна употреба и претставува гробен инвентар од предходно погребување.

Овој тип на алки претставува развојна варијанта на алки со три коленца. Разликата помеѓу нив е во тоа што меѓупросторот помеѓу коленцата на алката е исполнет со неколку низа гранулирани зрнца или аплицирана мрежеста филигранска жица.

Овие наоди се најбројни во раносредновековните некрополи од Хрватска[24], додека на останатите територии населени со Јужните Словени, засега се јавуваат само спорадично. Овде ќе ги споменеме наодите од некрополата во близина на ридот Спас кај Книн[25] и село Црквина кај Задар[26].

Датирањето на овие наушници рамковно паѓа во периодот од IX-XI век. Нашиот примерок претставува архаичен тип од овој вид наушници па, според тоа, нејзината временска детерминација ќе ја



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

*Цртеж 1. Гроб бр 10, состојба на истражена гробна конструкција*

*Drawing 1. Grave No 10, State of an investigated grave structure*

*Цртеж 2. Гроб бр. 10, Состојба на вертикален пресек север - југ*

*Drawing 2. Grave No 10, the state of a verticakl north - south crosscut*





заокружиме на IX-X век.

Од гроб бр. 47, во кој е констатирана двојна инхумација со два лошо сочувани скелети, потекнува наушницата со една јагода изработена од бронзена жица со кружен пресек и отворени краеви со топчеста шуплива јагода составена од две калоти. Краевите на јагодата се украсени со навој од тенка бронзена жица. Димензии: пречник на алката 2,2 см., пречник на јагодата 1,3 см.(Т.II,5).

Наушници со една топчеста или пак биконична јагода, на територијата на Македонија се констатирани на мал број локалитети. Овде ќе ја споменеме биконечната еднојагодеста наушница од Паликура кај Стоби[27] и примероците од с. Варош и Маркови Кули кај Прилеп[28]. Еден примерок е познат и од некрополата Гропче кај Кочани но, во овој случај јагодата е украсена со псевдогранулација[29].

Наушниците со една шуплива јагода најбројни се на територијата на далматинска Хрватска[30]. Познати се и од некрополите во Србија[31] и Бугарија[32].

Наушницата од некрополата кај црквата "Св. Ѓорѓи" припаѓа на архаичните типови наушници од овој вид, изработени во скромна техника без украс на јагодата па, според тоа, може да припадне на првата продукција на домашните златарски работилници на накит на нашите простори, што значи дека нејзиното производство можеме да го навестиме кон средината на IX-X век.

Како карактеристична појава од



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

уништените гробни раки(јами), меѓу другиот гробен инвентар, евидентираме две карактеристични бронзени белегзии.

Првата белегзија е изведена од два пара спирално свиткани жици. Краевите се отворени и оформени во облик на конци. Оштетена во пределот на копците. Димензии: Пречник 4,8 - 5 см.(Т.III,1).

Белегзиите изведени од заеднички тордирани четиричлени бакарни или бронзени жици се еден од најпопуларните и најчести наоди во средновековните некрополи кај Јужните Словени. Ваквите белегзии обично се датираат во времето од X-XIII век.

Во оваа пригода ќе ги наведеме само најблиските локалитети од овој регион во кој се среќава овој вид на накит, како на пример: Крушарски Рид кај с. Оризари-Кочанско[33], Гропче-Кочани[34] и Шарланди с. Аџи Бегово-Светиниколско[35].

Втората белегзија е од типот на леани белегзии со приближно конкавен пресек и отворени краеви. Средишниот дел на белегзијата е проширен и триструко украсен со по четири кружни вдлабнатинки изведени со пунктирање и по четири врежани паралелни линии од страните. Краевите, исто така, малку проширени со по три кружни вдлабнатинки и четири врежани паралелни линии. Димензии: Пречник 4,7 -5см.(Т.III,2).

И овј тип белегзии широко се распространети скоро во сите јужнословенски земји. Кај нас, во Македонија, се регистрирани на поголем број локалитети од Охридско[36], Демир Капија[37], Прилеп[38] и Гропче Кочани[39].

Употребата на овие белегзии временски се поклопува со времето на егзистирањето на предходниот тип белегзии.

Посебна интересна и засега кај нас, во Македонија, како еднинствена појава од раниот среден век, претставува бронзениот леан предмет со конкавна и елипсовидна форма, на кој, според наше мислење, е претставен машки портрет со маска на лавовска глава[40]. Димензии: 2,3 x 2,8 см.(Т. III,3). Од задната страна на предметот постоела игла или кука за прикачување на облеката или капата од сопственикот на предметот.

При сегашниот степен на проученоста на предметот, склони сме да го изнесеме мислењето дека овој интересен предмет ја имал функцијата на амулет.

Иако амулетите биле во широка употреба кај Словените пред нивното христијанизирање во VII - VIII век, тие се употребувани и после христијанизацијата во IX-X век. Потесната временска определеност на овој предмет со апотропејско значење засега останува отворено.

Како единствена аналогија го посочуваме наодот од Преслав кој е потполно идентичен со нашиот амулет[41].

Како многу значаен елемент за понатамошното материјално и пред се духовно проучување на раното словенско етничко битие, претставуваат констатираните остатоци од паганските ритуални обичаи при погребувањето на покојниците во некрополата кај црквата "Св. Ѓорѓи", како на пример: палење оган над гробовите, спалување на покојниците, полагање на прилози од храна на гробовите и слично[42].

Од многубројните наоди откриени во некрополата, кои го регистрираат развиениот среден век на овој локалитет, го претставуваме карактеристичниот масивен прстен со століватна форма. Изведен е од тенка лентеста алка, која завршува со висока кружна глава-круна. Во средината купесто испупчение. Рабовите на круната се украсени со низа од псевдо гранули. Површината на главата, на која се видливи извесни траги од позлата, украсена е со врежани концентрични кругови. На раменициte и на долниот дел од прстенот е аплицирана по една розета. Димензии: височина 3 см., пречник на алката 2 см., широчина на главата 2,3 см.(Т.III,4). Најден



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

во гроб бр. 22.

Сличен примерок, како гробен наод, е регистриран во Кратово[43]. Овој тип на прстени широко е распространет во народното китење на развиениот среден век кај скоро сите балкански народи.

Анализата на наведениот археолошки материјал во овој прилог и материјалот кој веќе е објавен и широко познат на научната јавност, дава повеќе од задоволителни резултати, во смисла на придонесот околу разјаснувањето на проблемот за времето на изградбата на црквата "Св. Ѓорѓи" и нејзиното вклопување во најзначајните сакрални објекти градени во времето на христијанизацијата на Брегалничките Словени и времето на појавата на писменоста на словенски јазик, кон средината на IX и X век.

Оваа голема словенска некропола во никој случај не може да произлезе од некоја мала населба. Наше мислење е дека во IX, X и првата половина на XI век на овој простор егзистирала релативно голема урбана раносредновековна населба.

Врз основа на горе изнесеното, останува отворено прашањето за можната обнова на доцноантичката тврдина во раниот среден век[44].

Во таа смисла, по наше мислење, Горен Козјак и локалитетот Баргала како целина, заедно со Крупиште, останува и понатаму еден од главните пунктови за убикација на градот Брегалница - Равен и Брегалничката епископија, која во раниот средновековен период била центар на словенската писменост[45].

## БЕЛЕШКИ

1. Со истражувањето раководеше З. Белдедовски - виш кустос археолог со учество на Т. Нацев - археолог и К. Спасов - фотограф при Завод-Музеј, Штип.

2. Од богатиот опус на научни трудови на проф. д-р Б. Алексова за лок. Баргала ќе наведеме само неколку: Баргала-Брегалница во светлината на новите археолошки истражувања, Гласник на Инст. Нац. Историја, 3 (Скопје 1969), 5-50; Баргала: Археолошки истражувања 1966-1967, Зборник VIII-IX, Археолошки музеј (Скопје 1978), 75-84; Ранохристијанска базилика во Баргала, Зборник посветен на Димче Коцо, кн. VI-VII, Археолошки музеј, (Скопје 1975), 21-32 и др.

3. Наведена литература под забелешка бр. 2 и друга.

4. З. Расолковска-Николовска, Археолошките истражувања на црквата "Св. Ѓорѓи" во Горни Козјак, Зборник на штипскиот народен музеј IV-V, 125-139.

5. Ст. Михаилов, Козјак и Брегалничката епископија, Известијя на Блгарскија археологистички институт, XV, София 1946, 5-19; Б. Алексова, Епископијата на Брегалница, Институт за истражување на старословенската култура, Прилеп 1989 год.

6. В. Корађ. О природи обнове и праваца развитка архитектуре у раносредњем веку у источним областима Југославије, Зборник радова Византолошког института, VIII 2, Београд 1964, 215.

7. Б. Алексова, Баргала-Брегалница; З. Расолковска-Николовска, н. д.; З. Белдедовски, Баргала, Некропола од среден век, Arheoloski pregled 29(1988), Ljubljana 1990, 244, истиот, Брегалничкиот басен во римскиот и раниот средновековен период, Завод и Музеј, Штип 1990, 45 и 50.

8. З. Белдедовски, раннословенски наоди од Штип и неговата најблиска околина. Macedoniae acta archaeologica 10, 1985-1986, Скопје 1989, 225-230, сл. 2; истиот, Брегалничкиот басен во римскиот и раниот средновековен период, зборник VI, Штип 1990, 45, сл.34.

9. Ibid.

10. D. Jelovina, Glavne znacajke starohrvatske kulture od 7 do 12 stoleca na podrucju izmedju rijeka Zrmanje i Cetine, Starohrvatska prosvjeta, serija III-svezak 16, Split 1987, 25-50, 33 sl. 2.

11. Ibid.

12. Предметот е откупен од Тане Велинов од с. Таринци. Секундарно е

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

употребуван како привезок на гердан. Околностите под кои е најден предметот се непознати.

13. З. Белдедовски, Баргала - Средновековна некропола, ранословенски елементи, Зборник на Музејот на Македонија, во печат.

14. З. Белдедовски, Раннословенски наоди од Штип и... 225-226. сл.1.

15. З. Белдедовски, Брегалничкиот басен... 48 сл. 35.

16. З. Белдедовски, Раннословенски наоди од Штип и...227-228 сл. 4.

17. Б. Алексова, Археолошки ископувања во с. Оризари-Кочанско, Зборник на штипскиот Народен музеј III, Штип 1964, 81-109, 90, Т.III/6.

18. Б. Алексова, Просек-Демир Капија, словенска некропола и словенске некрополе у Македонји, Скопје-Београд 1966, Т.XVII, 153, 154, 164.

19. В. Јовановић, Прилог проучавању средњевековног прстења у СР Србији и СР Македонији, Годишњак града Београда књ .XXV, Београд 1978, 68-85, 70 Т.I, 5.

20. З. Белдедовски, Брегалничкиот басен...52 Т.IV цртеж 2.

21. Ibid., 52 Т. IV цртеж 3.

22. Ibid., 53 сл. 41, 54 Т. V.

23. Ibid., 55 Т. VI.

24. D. Jelovina, Statisticki tipološko-tipografski pregled starohrvatskih naušnica na podrucju SR Hrvatske, Starohrvatska prosvjeta, ser.III. sv.8-9, Zagreb 963-118.

25. D. Jelovina, Starohrvatska nekropola na brdu Spasu kod Knina, Starohrvatska prosvjeta ser.III. sv.19, Split 1991, 163 T.I 5, 6, 182 T.XX 9.

26. J. Belosevic, Osvrt na rezultate istrazivanja lokaliteta "Crkvina" u selu Galovac kod Zadra u 1989 godinu. Radovi razdio povijesnih znanosti (16) 1989/1990, Zadar 1990, 231-240, T.XVIII 4.T.XIX 6.

27. М. Ивановски, Средновековна некропола во реонот на паликурската базилика кај Стоби, Зборник посветен на Бошко Бабиќ, Прилеп 1986, 87-107, 101 сл.1.

28. Б. Бабиќ, Материјалната култура на македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп, Прилеп 1986, 279 цртеж 61/21, 22, 62/6, 64/4, 5.

29. М. Мандиќ

Прилог кон проучувањето на средновековните некрополи во СР Македонија - Гропче, Кочани, Macedoniae acta adchaeologica бр. 10. 1985-1986. Скопје 1989, 231-233 цртеж 2.

30. D. Jelovina, Starohrvatska nekro-pola...

31. Г. Марјановић-Вујовић

, Средњевековне некрополе у Србији евидентиране кроз археолошка ископавања (I), Старинар XXXII, 1986, Београд 1986, 191-209, 195 сл. 9.

32. Димка Стојанова, Средновековен некропол при с. Туховиште, Благоевградско, Благоевград 1981.

33. Б. Алексова, Археолошки ископувања во с. Оризари... Т.II,3.

34. М. Мандиќ, н. д., 233, Т.I, 4.

35. Б. Алексова, Нови наоди од Штипско, Зборник на штипскиот Народен музеј III, Штип 1964, 99-102.

36. В. Лахтов, Раносредновековен накит во средновековната збирка на народниот музеј во Охрид, Лихнид, Годишен зборник на Народниот музеј во Охрид, кн.I, Охрид 1957, 59-114, Т. VII, 65, 66, 67.

37. Б. Алексова, Просек - Демир Капија...

38. Б. Бабиќ, Материјалната култура... 278, 62/9, 63/23.

39. М. Мандиќ, н. д. 233 Т.I 6, 239 Т VI 5.

40. Предметот е најден под непознати околности.

41. С. Ваклинов, Формиране на староблгарската култура, София 1977, 186.

42. Нешто подетално за ова види кај: З. Белдедовски, Баргала - Средновековна некропола, Старословенски елементи, Зборник на Музејот на Македонија, во печат.

43. Б. Алексова, Просек - Демир Капија... Т IX сл. 48.

44. Исклучувајќи ги почетните истражувања на лок. Баргала, кога е сондирано кај главниот влез во тврдината и на дел од северниот бедем, други ископувања, во смисла на истражување, на градските бедеми не се вршени. Понатамошните истражувања, би требало да се насочат на поширокиот простор во рамките на градските бедеми и поедини пунктови од бедемите со цел да се добијат поцелосни и посигурни податоци за кантинуитетот на егзистирањето на населбата по населувањето на словените во Брегалничкиот басен.

45. Б. Алексова, Епископијата на Брегалница...

46. Фотографии, К. Спасов, цртежи Б. Најдовски.


Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)

*Zvonko Beldedovski*
*Trajce Nacev*

## *Investigation Work in the Bargala Site Carried Out in 1988 and a Survey of the More Significant Findings of the Medieval Necropolis*

### SUMMARY

In 1988 The Institute for Conservation of Cultural Monuments and the People's Museum from the town of Stip carried out archeological investigations in the medieval necropolis near St. George Church in the Bragala Site. The archeological work carried out in 1966 discoverd the early Christian town of Bargala which is one of the early Christian centres in eastern Macedonia. The investigation work discovered a large part of the bishop's offices in the town, the bishop's basilica, the bishop's residence, a cisterne and some other objects.

The town existed during the fourth, the fifth and the sixth centuries but was demolished during the invasions by the Slavic and Avarian tribes which took place during the last years of the sixth and the beginning of the seventh centuries. At that time the demoloshed town was inhabited by the Slavic tribes. St. George Church and the necropolis which was built close to it are evidence for this.

Investigations in the necropolis were carried out in several intervals but the results obtained have not been published. The investigation works carried out in 1988 included the parts south and southeast of the church peraclys ( Sketch 1 ) . Total of 25 graves were examined, 15 of which were damaged and thrown around. The grave structures were built in vertically implaced stone plates with grey brown shales and plates on the top. (Sketches 1 and 2).

Bsed on the grave structure and the discovered archeological portable material we can come to the conclusion that the necropolis was in practical use for a long period of time ( from the IXth - Xth to the XVIIth - XVIIIth centuries ). Some elements indicate the earliest presence of the Slavic population in the site ( the end of the VIth and the VIIth -VIIIth centuries).

A very interesting finding of the early VIIth century is a man's portrait discovered as a grave element. It has been filed as a bronze matrix which later, in its secondary use, got the function of an amulet.

A number of hand modelled pottery fraagments have been determined in this earliest Slavic age ( T. I. 3 ).

The time period from the IXth to the XIth - XIIth centuries was marked by the following findings:

- two massive bronze rings one of which contains massive rimmed pyramid that grades into rimmed dome. The second has a smooth massive head decorated with carved in plant ornaments composed of double vine,
- a conical ear-ring made of braided dundle of silver wire and silver granules ( T. II. 4 ),
- a bronze ear-ring of a strawberry composed of two cromiums (T. III. 1),
- a bronze bracelet taken out from two pairs of spirally bent wires ( T. III. 1),
- a cast bronze bracelet with open ends and a puncture technique decorated plane ( T. III. 2),
- a very interesting unique early medieval discovery in Macedonia is a cast bronze object which symbolises a man's portrait with a mask of lion's head. The object was used as an amulet (T.III. 3 ).

Among the many findings from this site which mark the developed Middle Ages is a massive ring in the shape of a chair ( T. III. 4).

The analyses of the aforementioned material and the material that has already been published and known to the scientific public give a lot of information about the contribution to the explanation of the issue about the time period of the erection of St. George Church and its classification as one of the most significant sacral structures during the Christianization of the Slavic population in the vicinity of the Bragalnica and the period of the creation of literacy in the Slavic language in the middle of the IXth and the Xth centuries.

Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)




T 1



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)




T 2



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)



2



1



4



3

T 3



Print to PDF without this message by purchasing novaPDF (http://www.novapdf.com/)